РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 17/6
22. 05. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 27-05-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 33/8 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 71 седница одржана на 31.01.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Македонистика - македонска книжевност и култура", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје и ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Македонистика - македонска книжевност и култура", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје и ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по хуманистички науки - Македонистика - Македонски јазик и лингвистика /во меѓународен промет академски назив: PhD in Macedonian Studies - Macedonian Language and Linguistics.
Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки и уметност; Научно – истражувачко поле: Јазици и литература, Научно - истражувачко област: Македонистика, Македонски јазик и лингвистика.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Соња Стојменска - Елсезер, проф. д-р Африм Реџепи, проф. д-р Александра Прокопиев, проф. д-р Јасмина Мојсиева Гушева, проф. д-р Валентина Миронска - Христовска, проф. д-р Ана Мартиноска, проф. д-р Марко Китевски, проф. д-р Маја Јакимовска - Тошиќ, проф. д-р Лорета Георгиевска - Јаковлева, проф. д-р Илија Велев, проф. д-р Наташа Аврамовска, проф. д-р Кристина Николовска, проф. д-р Весна Мојсова Чепишевска, проф. д-р Јасна Котеска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-148/8 од 13.12.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Македонистика - македонска книжевност и култура", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје и ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-33/3 од 16.01.2024 година (наш бр. 08 - 17/1 од 16.01.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 70-та седницата одржана на 18.01.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 17/3 од 08.02.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 71-та седница одржана на 31.01.2024 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управен суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски